МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

МЦМС е-Билтен

Октомври 2012

БРОЈ 135

Кржаловски на Глобалниот инвестициски самит

Александар Кржаловски, првиот извршен директор на МЦМС присуствуваше на Глобалниот инвестициски самит што се одржа од 18 до 21 октомври во Охрид во организација на Македонија 2025 и Македонската развојна фондација за претпријатија како локален партнер, под мотото „Нови можности: Преку бизнис дијаспората до зголемена трговија, инвестиции и економски раст". На Самитот присуствуваа над 40 панелисти, истакнати професионалци од сферата на економијата. Целта на форумот, на кој присуствуваат над 350 учесници беше зајакнување на соработката на домашниот бизнис и дијаспората од целиот свет. Официјално го отвори премиерот Никола Груевски, а се обратија и претседателот на Одборот на директори на Македонија 2025 Мајк Зафировски и директорот на Самитот Зоран Мартиновски. На Самитот беше најавено основањето на инвестициски фонд за Македонија преку кој македонската дијаспора ќе инвестира 15 милиони долари.

Сите пет проекти се од особено значење за граѓаните

На четвртата форумска сесија во општина Делчево што се одржа на 04 октомври 2012 година, во спомен домот АСНОМ граѓаните дискутираа за пет предлог проекти и тоа: Изградба и уредување на јавни површини; Расчистување на диви депонии во градот и неговата околина; Уредување на излетнички и туристички патеки; Пешачки мост преку реката Брегалница и Зачувување на рибниот фонд преку изградба на рибји патеки на реката Брегалница.

На оваа сесија на граѓаните им беа презентирани критериумите според кои ќе се прави избор на проектите на последната форумска сесија и беше формирана работна група за подготовка на препораки кои граѓаните ќе и ги предадат на општинската администрација на последната, петта форумска сесија.

На сесијата присуствуваа 119 граѓани од општина Делчево и гости.

Реинтеграција и ресоцијализација на вклучените во конфликтот 2001

По повод Законот за бранителите, МЦМС изготви краток осврт на политиките за реинтеграција, преку преглед на литература, интервјуа и испитување на јавното мислење (во соработка со Институтот за демократија).



Актуелната дебата во однос на поднесениот предлог на Закон за бранителите, го третира прашањето на реинтеграција на поранешните учесници во конфликтот. Во однос на бранителите, прашањето претходно делумно е уредувано со истоимен закон (2002 г.) и негови измени (2003, 2004, 2007 г.), а во однос на припадниците на ОНА, со програми за реинтеграција на разни меѓународни и домашни организации (2001-2006 г.).

Прашањето на реинтеграција е дел од поширокиот концепт на Обединетите нации за разоружување, демобилизација и реинтеграција (ДДР), за кој во последните неколку години се воспоставени меѓународни практики и стандарди (http://www.un.org/en/peacekeeping).

Во Македонија, по конфликтот од 2001 година, со Охридскиот рамковен договор беа предвидени првите два елементи од ДДР, но има многу малку одредби за реинтеграција (главно за ревитализација на кризните региони и враќање на раселените лица).

Мнозинство граѓани (78%) сметаат дека е оправдано донесување на нов Закон за бранителите. Поделеноста се појавува на прашањето за законски одредби за права на поранешните припадници на ОНА, каде 90% етнички Албанци се „за", додека мнозинство кај сите други етнички заедници е „против". Големо мнозинство граѓани (83%) смета дека е оправдано донесување законски одредби за права на цивилните жртви без оглед на нивната етничка припадност.

Земајќи ги предвид меѓународната пракса и стандарди, досегашните искуства, како и мислењето на јавноста, можни се неколку чекори за конструктивно надминување на ситуацијата:

- Дебатата за предлог-законот е добра можност за разрешување на преостанатите отворени прашања од конфликтот во 2001 година, вклучително цивилните жртви и исчезантите лица – проблемот треба да се третира и расправа сеопфатно;
- Предложениот законски текст ги дорегулира најголем дел од правата на бранителите, но има простор за подобрувања на законот (пр. конзистентно постапување, психо-социјална под-дршка, зголемени надлежности на Комисијата), преку дебата со нивните здруженија;
- Согласно меѓународните практики, не може да се изедначат двете страни учесници во конфликтот, но треба да има програма за ресоцијализација на поранешните припадници на ОНА (обуки, преквалификации, пристап до можности за вработување и психо-социјална поддршка);
- Предлог-законот не ги опфаќа прашањата на цивилните жртви (загинати и ранети, исчезнати и киднапирани, и нивните семејства), па има потреба од посебни мерки за нив.

МЦМС вработува

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) за поддршка на спроведувањето на своите програми објавува ЈАВЕН ОГЛАС за засновање на работен однос на определено време.

Работно место: Помлад соработник на проекти.

Број на работни места: Две (2).

Времетраење на работен однос: Шест (6) месеци со можност за продолжување.

Работни задачи:

- поддршка на спроведувањето проектни активности,
- подготовка на едноставни и помалку сложени проекти,
- комуникација со целната група, корисниците, испорачувачите и др.

Начин и рок на избор: Кандидатите ќе се избираат со претходна проверка на знаењата. Селектираните кандидати ќе бидат поканети на интервју. Кандидатите кои нема да примат повратна информација до 30 ноември 2012 г. не биле селектирани.

Начин на пријавување: Кандидатите треба да достават следниве обрасци: пријава на оглас за работа, биографија во формат на МЦМС, мотивациско писмо, потврда за завршено образование.

Обрасците достапни на http://0.mk/mcms-oglas може да се достават по е-пошта: oglaszarabota@mcms.mk или лично во просториите на МЦМС на ул. Никола Парапунов 41а, Скопје.

Рок за пријавување: 15.11.2012 г. (четврток).

Форумот е новина ама треба да стане пракса

Граѓаните на Желино на 10 октомври 2012 година, во просториите на ОУ „Луиѓ Гуракуќи" ја одржаа четвртата форумска сесија. Тие разговараа за седум предлог проекти и тоа: Изградба на втора фаза на ОУ „Пашко Васа" во село Копачиндол; Опремување со основен инвентар на училиштата во о. Желино; Доградба и опремување на библиотека и кабинет за информатика во ОУ „Луиѓ Гуракуќи" во село Желино; Изградба на спортски терени во ОУ во с. Чифлик и с. Дебрце; Поставување на пристапни рампи во осум ОУ за децата со посебни потреби; Изградба на втора фаза на ОУ „Пашко Васа" во село Новосело и Изградба на втора фаза на ОУ „Пашко Васа" во село Мерово.

Граѓаните се задоволни од процесот. Шукри Челеби вели дека форумот сензибилизирал луѓе кои знаат и можат да дадат придонес за проекти кои „навистина заслужуваат да се финансираат со овој проект". „За мене претставува задоволство да бидам учесник на овие форуми", вели Едуан Узаири. „Ми се допаѓа начинот на организација и посакувам да имаме успех со проектите кои ги презентиравме и да се финансира најдобриот", додаде тој. За Ештреф Амети форумите се новина која треба да стане пракса. „Во иднина, самата општина треба да организира вакви форуми", рече тој.

На сесија на граѓаните им беа презентирани критериумите според кои ќе се прави избор на проектите на последната форумска сесија. На крајот на форумската сесија беше формирана работна група за подготовка на препораки кои ќе бидат предадени на општинската администрација на последната форумска сесија.

На сесијата присуствуваа 72 граѓани на општина Желино и гости.



Очекуваме одлични идеи!

Во текот на октомври 2012 г. се одржаа втората и третата форумска сесија во општина Аеродром. Во спортската сала во ОУ Љубен Лапе присуствуваа 102 односно 130 заинтересирани граѓани и гости.

На втората форумска сесија претставниците од работната група ги презентираа приоритетите за развој на општината за 2013 година за кои граѓаните дискутираа и ги усвоија. Беше дискутиран и Прегледот на планирани/реализирани приходи на општината за 2012 година како и Проекцијата на приходи на општината за 2012 г.

Граѓаните дадоа 20 предлози за зголемување на приходите на општината. На работилница беа разгледани можностите за вклучување на овие предлози во редовното работење на општината. На сесијата на граѓаните им беа презентирани и расходите за буџетските програми за 2013 г.

Претставниците од работната група, на третата форумска сесија ги презентираа предлозите за зголемување на приходите на општина Аеродром за 2013 година, а по дискусијата, форумот ги усвои. Граѓаните го разгледаа и дискутираа за Прегледот на реализираните расходи на општината за тековната и за претходните години, а беа презентирани и дискутирани и расходите за програмите за развој на образованието за 2013 г. за социјална заштита за 2013 г. Тие дадоа вкупно 44 предлози за расходите за програмите. На работилница, администрацијата и граѓаните ќе ги разгледа можностите за вклучување



По втор пат во форумскиот процес, граѓаните на општина Аеродром

на овие предлози во редовното работење општината.

Граѓаните со несмален интензитет ги посетуваат сесиите и дискутираат за можностите за подобрување на нивното секојдневие. „Задоволна сум од целиот форумски процес. Нашето училиште во минатиот циклус ги реновираше прозорците токму преку оваа програма. Затоа и сега сме активно вклучени и очекуваме одлични идеи. Го подржувам процесот и препорачувам во иднина да стане пракса", вели Билјана Индова, директор на ОУ Браќа Миладиновци. И за Васе Канзуров придобивките од форумите се јасни и видливи. „Се подобрува влијанието на граѓаните во практикувањето на власта затоа што целта е доближување на општината до потребите на граѓаните и гласачите и наметнување на општината како сервис на граѓаните, а не обратно граѓаните да бидат извршители на предлозите на општината", вели тој.

Василево и Босилово ги кажаа проблемите

На 18 октомври 2012 година во ОУ Гоце Делчев во Босилово се одржа втората форумска сесија од меѓуопштинскиот форум во општините Василево и Босилово.

Граѓаните имаа можност да слушнат подетална анализа на темата „Водоснабдување и отпадни води" што потоа им послужи во идентификацијата на проблеми. Тие дискутираа и ги предлагаа најгорливите проблемите. Потоа, повторно низ дискусија, тие предлагаа решенија за тие проблеми. Најголем број проблеми се идентификувани во делот на атмосферска и фекална канализација како и во делот на недостаток на механизација за одржување на водоводната и одводната мрежа.

„Задоволен сум од текот на втората форумска сесија", вели Ванчо Лазаров од с. Чанаклија. „Со тоа што учествувавме во дефинирањето и анализирањето на проблемите сметам дека дадовме голем придонес за општината. Би сакал да учествувам и на наредните сесии", додава тој. И за Ѓорги Трајков од с. Иловица ова била успешна сесија. „Мислам дека треба почесто да се организираат вакви сесии, затоа што проблемите и потенцијалните решенија за нив произлегуваат од нас граѓаните. На тој начин и ние сме некако вклучени во



Граѓаните преложија решенија што ќе го олеснат нивниот животот

работата на општината. Посебно ми се допадна тоа што имавме можност да го кажеме нашето мислење за решавање на одредени проблеми", вели Трајков.

На присутните им беше презентиран форматот за концепти за предлог проекти и беше формирана работна група која меѓу двете форумски сесии ќе работи на формулација на концептите.

На сесијата присуствуваа 121 граѓани на општините Василево и Босилово и гости. Следната форумска сесија ќе се одржи на 15 ноември 2012 година, во Василево.